РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-736/3
09-09-2025/v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2512/1 од 25.09.2024 година, оформен по пријава против ---------------------, раководител на Сектор за --------------------------- во Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Документацијата прибавена од ДКСК при нејзиното надлежно постапување да се достави до ОЈО Скопје.

Предметот со број 12-2512/1 од 25.09.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 25.09.2024 година, доставена е пријава против --------------------------, раководител на Сектор за ----------------------- во Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, и оформен е предмет број 12-2512/1 од 25.09.2024 година. Во пријавата наведено е сомневање дека споменатото лице, дозволило повторување на постапката на јавниот повик број ------------- наменет за финансиска подршка на ИПАРД Програмата за период 2021-2027 година. Се посочува дека барањето за повторување на постапката било усвоено поради достава на нов доказ Извод/ Потврда од казнена и кривична евиденција од Основниот суд Струмица, која претходно била поднесена и не содржела податоци за тоа дали има обвинител акт во сила насловен како доказ дека против корисникот не е покрената кривична постапка со цел правното лице ---------------увоз извоз Струмица да се стекне со противправна имотна корист од 900000 евра. Дополнително се посочува дека по усвоеното барање за повторување на постапката било донесено Решение за одобрување на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

барањето и склучен договор помеѓу Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој и правното лице лице ------------------- увоз извоз Струмица.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Министерството за внатрешни работи на РСМ да постапи во рамките на своите законски надлежности да ги провери наводите од пријавата и за исходот од постапувањето да се извести Државната комисија со достава на прилог документација.

Од Министерството за внатрешни работи на РСМ- Сектор за внатрешни работи – Единица за економски и компјутерски криминал добиен е одговор каде е наведено дека заради утврдување на вистинитоста на наводите од пријавата, согласно член 283 од ЗКП било продолжено со преземање полициски мерки и активности, односно биле извршени проверки во Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, при што бил обезбеден одговор односно акт од страна на Агенцијата со деловоден број --------------- од 28.01.2025 година, со прилог документација во кој меѓудругото било наведено дека ОЈО Скопје за истиот кривично правен настан има оформено предмет КО ---------------, и согласно член 284 ст2 од ЗКП, до ОЈО Скопје од страна на МВР била доставена целокупната обезбедена документација заради понатамошно постапување и носење на јавно обвинителска одлука.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елемети за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Скопје. Документацијата прибавена од ДКСК при нејзиното надлежно постапување да се достави до ОЈО Скопје.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата